Linearity *Lin (f)* of the Boolean function *f* is defined by using Walsh transform

$$Lin(f) = \max_{a \in F_2^n} |f^W(a)| \geq 2^{n/2}.$$

Linearity and nonlinearity of a Boolean function are connected by the equality

$$nl(f) = 2^{n-1} - \frac{1}{2} Lin(f).$$

From mathematical point of view S-box (or vectorial Boolean function) is a function S, with values that are bit string, or mapping of n bits to m bits

$$S: F_2^n \to F_2^m.$$

For any vector $b = (b_1, b_2, \dots b_m) \in F_2^m$ we consider the corresponding component function $S_b: F_2^n \to F_2$ defined by

$$S_b(x) = \langle b, S(x) \rangle = b_1 S_1(x) + \dots + b_m S_m(x).$$

**2.1 Linear cryptanalysis (LC)**

Linearity is a measure for resistance against linear cryptanalysis [3]. We define linearity of S as

$$Lin(S) = \max_{a \in F_2^n, b \in F_2^m, b \neq 0} |S_b^W(a)| = \max_{b \in F_2^m, b \neq 0} Lin(S_b)$$

In the theory of block ciphers related to linear cryptanalysis, the linear approximation table is studied. The linear approximation table is a $2^n \times 2^m$ table whose entries are defined as

$$L_{a,b} = \#\{x \in F_2^n : \langle b, S(x) \rangle = \langle a, x \rangle\} = 2^n - d_H(S_b, f_a)$$

The probability of a linear approximation of a linear combination of output bits $S_b$ by a linear combination of input bits we define as

$$p_{a,b} = \frac{1}{2^n} L_{a,b}.$$

Linear probability bias ε is a correlation measure for this deviation from the probability ½ for which it is entirely uncorrelated:

$$\varepsilon_{a,b} = \left| p_{a,b} - \frac{1}{2} \right| \leq \left| \frac{Lin(S)}{2^{n+1}} \right|$$

The smaller is the linearity more resistant is the S-box against linear cryptanalysis. An open problem for given integers and m is to find nxm S-boxes with the smallest linearity.

**2.2 Differential cryptanalysis (DC)**

Differential cryptanalysis is proposed by Biham and Shamir [4], and is basically applied to block ciphers. This attack keeps up with the differences in the propagation during the encryption of the messages *m* and *m+δ* through the different rounds in a block cipher. Here a difference distribution table DDT is defined as

$$D_{a,b} = \#\{x \in F_2^n : S(x) \oplus S(x \oplus a) = b\}.$$

Similarly to the linear case, a differential probability is defined as

$$DP_{a,b} = \frac{1}{2^n} D_{a,b}.$$

To measure the resistance against differential cryptanalysis we take the highest possible value in DDT called differential uniformity

$$Diff(S) = max\{D_{a,b}, a \in F_2^n, a \neq 0, b \in F_2^m\}.$$

Diff(S) is related to the maximal probability that any fixed nonzero input difference causes any fixed output difference after applying the S-box.

**2.3 Branch number**

An important parameter describing the diffusion capabilities is the branch number. Branch number [5] is defined as

$$BN(S) = \min_{a,b \in F_2^n, a \neq b} (w_H(a \oplus b) + w_H(S(a) \oplus S(b)))$$

where $w_H$ is the Hamming weight and S the S-box.

The branch number here depends on the position of the values in the difference distribution table. For bijective S-boxes BN ≥2. Branch number is related to the avalanche property [9] of the S-box and should be as greater as possible. In [6] differential branch number and linear branch number are defined.

**3. Finding S-boxes parameters**

Here we calculate some parameters of the 4-bit S-box $G_3$, which is one of the 16 different optimal S-boxes classified in [2]. We present $G_3$ by the following table:

**Table 1. S-box $G_3$**

| a | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| S(a) | 0 | 1 | 2 | 13 | 4 | 7 | 15 | 6 | 8 | 12 | 5 | 3 | 10 | 14 | 11 | 9 |

It can be represented also as a permutation, in this case this is the 16-tuple with values from the second row of Table 1: (0, 1, 2, 13, 4, 7, 15, 6, 8, 12, 5, 3, 10, 14, 11, 9), so

$G_3$: (0, 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15) → (0, 1, 2, 13, 4, 7, 15, 6, 8, 12, 5, 3, 10, 14, 11, 9).

Replacing every number by its binary 4-bit string, we obtain

$$(0,1,2,13,4,7,15,6,8,12,5,3,10,14,11,9) \rightarrow \begin{pmatrix} 0 & 0 & 0 & 1 & 0 & 0 & 1 & 0 & 1 & 1 & 0 & 0 & 1 & 1 & 1 & 1 \\ 0 & 0 & 0 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 0 & 1 & 1 & 0 & 0 & 1 & 0 & 0 \\ 0 & 0 & 1 & 0 & 0 & 1 & 1 & 1 & 0 & 0 & 0 & 1 & 1 & 1 & 1 & 0 \\ 0 & 1 & 0 & 1 & 0 & 1 & 1 & 0 & 0 & 0 & 1 & 1 & 0 & 0 & 1 & 1 \end{pmatrix}.$$

To calculate the linearity Lin(S) of S, we use the first order Reed-Muller code RM (1, 4). The set of all binary vectors (true tables) corresponding to the affine Boolean functions in n variables, coincides with the first order Reed-Muller code RM (1, n). It is a linear code of length $2^n$, dimension n+1 and minimum distance $2^{n-1}$.

RM (1, 4) has a generator matrix:

$$G(RM(1,4)) = \begin{pmatrix} 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 \\ 0 & 0 & 0 & 0 & 0 & 0 & 0 & 0 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 & 1 \\ 0 & 0 & 0 & 0 & 1 & 1 & 1 & 1 & 0 & 0 & 0 & 0 & 1 & 1 & 1 & 1 \\ 0 & 0 & 1 & 1 & 0 & 0 & 1 & 1 & 0 & 0 & 1 & 1 & 0 & 0 & 1 & 1 \\ 0 & 1 & 0 & 1 & 0 & 1 & 0 & 1 & 0 & 1 & 0 & 1 & 0 & 1 & 0 & 1 \end{pmatrix}$$

For the linearity of $G_3$ we have $nl(S_b) = d(S_b, RM(1,4))$

$$\Rightarrow Lin(S_b) = 2^4 - 2nl(S_b) = 16 - 2d(S_b, RM(1,4))$$

$$Lin(S) = \max Lin(S_b) = 8$$

For the 4-bit S-box $G_3$ we calculate Linear Approximation Table (see Table 2). To do that, we wrote the program S-box_LATv0.2 in C++ programming language. The results from the calculations are saved in a text file.

**Table 2. LAT for $G_3$**

| a\x | 0000 | 0001 | 0010 | 0011 | 0100 | 0101 | 0110 | 0111 | 1000 | 1001 | 1010 | 1011 | 1100 | 1101 | 1110 | 1111 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0000 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 0001 | 0 | 4 | 0 | 4 | 4 | 8 | -4 | 0 | 0 | 4 | 8 | -4 | -4 | 0 | -4 | 0 |
| 0010 | 0 | 8 | 4 | 4 | 0 | 0 | 4 | -4 | 0 | -8 | 4 | 4 | 0 | 0 | 4 | -4 |
| 0011 | 0 | 4 | 4 | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 | 0 | 4 | -4 | 8 | -4 | -8 | 0 | 4 |
| 0100 | 0 | 0 | 8 | 0 | 4 | 4 | -4 | 4 | 4 | -4 | -4 | -4 | 8 | 0 | 0 | 0 |
| 0101 | 0 | 4 | 0 | -4 | 0 | 4 | 8 | 4 | 4 | 0 | -4 | 0 | -4 | 8 | -4 | 0 |
| 0110 | 0 | 0 | 4 | 4 | 4 | -4 | 8 | 0 | -4 | 4 | 0 | -8 | 0 | 0 | 4 | 4 |
| 0111 | 0 | -4 | -4 | 8 | 0 | 4 | 4 | 8 | -4 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 | 0 | -4 |
| 1000 | 0 | 0 | 0 | 0 | -4 | 4 | 4 | -4 | 8 | 8 | 0 | 0 | 4 | -4 | 4 | -4 |
| 1001 | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 | -4 | 0 | -4 | 0 | 4 | 0 | 4 | 8 | 4 | -8 | 4 |
| 1010 | 0 | -8 | 4 | 4 | 4 | -4 | 0 | 0 | 8 | 0 | 4 | 4 | -4 | 4 | 0 | 0 |
| 1011 | 0 | 4 | 4 | 0 | -8 | -4 | -4 | 8 | 0 | 4 | 4 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 1100 | 0 | 0 | 0 | -8 | 8 | 0 | 0 | 0 | -4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | -4 |
| 1101 | 0 | 4 | -8 | 4 | 4 | 0 | -4 | 0 | 4 | 0 | -4 | 0 | 0 | 4 | 8 | 4 |
| 1110 | 0 | 0 | -4 | -4 | 0 | 0 | 4 | 4 | 4 | -4 | 8 | 0 | 4 | -4 | 0 | 8 |
| 1111 | 0 | -4 | 4 | 0 | -4 | 8 | 0 | -4 | -4 | 0 | 0 | 4 | 0 | 4 | 4 | 8 |

Moreover, we wrote the program S-box_DDTv0.3 in C++ to calculate DDT (Difference Distribution Table) for the same 4-bit S-box $G_3$ (see Table 3). The results from the calculations are saved in a text file.

**Table 3. DDT for $G_3$**

| a\x | 0000 | 0001 | 0010 | 0011 | 0100 | 0101 | 0110 | 0111 | 1000 | 1001 | 1010 | 1011 | 1100 | 1101 | 1110 | 1111 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0000 | 16 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 0001 | - | 2 | 2 | 2 | 4 | - | 2 | - | - | 2 | - | - | - | - | - | 2 |
| 0010 | - | 4 | 2 | - | - | - | - | 2 | - | - | - | 2 | 2 | 2 | - | 2 |
| 0011 | - | - | 2 | 4 | - | 2 | - | - | 2 | 2 | - | 2 | - | 2 | - | - |
| 0100 | - | - | 2 | - | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 | - | - | - | 2 | - | - | - |
| 0101 | - | - | 2 | - | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 | - | - | - | 2 | - | - | - |
| 0110 | - | - | - | 2 | - | 2 | 2 | 2 | - | - | 2 | - | - | 2 | - | 4 |
| 0111 | - | 2 | - | - | - | 2 | 2 | 2 | - | 4 | - | 2 | - | - | 2 | - |
| 1000 | - | - | - | - | 2 | - | - | 2 | 2 | 2 | - | - |  | 2 | 4 | 2 |
| 1001 | - | 2 | - | - | - | - | 2 | - | 2 | 2 | 2 | - | 2 | 4 | - | - |
| 1010 | - | 2 | 2 | - | - | 4 | - | - | 2 | - | 2 | - | - | - | 2 | 2 |
| 1011 | - | 2 | - | 2 | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 4 | 2 | 2 | - |
| 1100 | - | - | - | - | 2 | 2 | - | - | - | 2 | 4 | 2 | 2 | - | - | 2 |
| 1101 | - | - | - | 2 | - | - | 2 | - | 2 | - | - | - | 4 | 2 | 2 | 2 |
| 1110 | - | 2 | - | 2 | 2 | - | - | 2 | 4 | - | 2 | 2 | - | - | - | - |
| 1111 | - | - | 2 | 2 | - | - | - | 4 | - | 2 | 2 | - | 2 | - | 2 | - |

Using the program S-box_DDTv0.3, we also calculated

$$Diff(S) = \max_{a \neq 0,\ b} D_{a,b} = 4;\ \ DP_{a,b} = \frac{D_{a,b}}{2^n} = 0, \frac{1}{4}\ or\ \frac{1}{8};\ \ BN = 2.$$

The mentioned program can be used to calculate the numbers in DDT, and the parameters, connected with this table, for bijective S-boxes with different lengths. We test the program for a resource computer consummation for S-boxes of different sizes (see Table 4). To generate the considered S-boxes, we use the program Generate S-box (written in C++).

**Table 4. Calculations for DDT in different S-boxes (S-box_DDTv0.3)**

| **Platform** | **Intel(R) Core(TM)2 Duo CPU E8300 @2.83 GHz, 2 GB RAM (VS2013, C/C++)** | | |
|---|---|---|---|
| **S-box** | Running Time: | RAM: | Size of the text file with the results: |
| 4x4-bit | 0.002 sec | … | 3 KB |
| 6x6-bit | 0.015 sec | … | 41 KB |
| 8x8-bit | 0.155 sec | 1-2MB | 771 KB |
| 10x10-bit | 3.619 sec | 16 MB | 14.5 MB |
| 12x12-bit | 108.185 sec | 80-160 MB | 260MB |
| 13x13-bit | 669.195 sec | 400-500 MB | *132 MB |
| 14x14-bit | 12108.8 sec | 550-1100 MB | *525 MB |
| **Platform** | **AMD Turion X2 Mobile TL-56 1.79 GHz, 2 GB RAM (VS2010, C/C++)** | | |
| **S-box** | Running Time: | RAM: | Size save result text file from Calculation: |
| 4x4-bit | 0.002 sec | … | 3 KB |
| 6x6-bit | 0.046 sec | … | 41 KB |
| 8x8-bit | 1 sec | 1-2 MB | 771 KB |
| 10x10-bit | 24 sec | 10-20 MB | 14.5 MB |
| 12x12-bit | 758 sec | 85-170 MB | 260MB |
| 13x13-bit | 3920.91 sec | 260 – 550MB | *132 MB |
| 14x14-bit | … | … | … |

* Without the values of S(x)⊕S (x⊕a), because the text file becomes very large with these values.

**4. Optimal 4 Bit S-Boxes**

A natural requirement for the S-boxes is their optimal resistance against linear and differential cryptanalyses. Unlike for higher dimensions the optimal values for Lin(S) and Diff(S) are known for the 4-bit S-boxes. More precisely, Lin(S) ≥ 8 and Diff(S) ≥ 4 (see [2]). More formally, as it is given in [2], the definition of an optimal 4-bit S-box is the following:

**Definition 1.** Let $S: F_2^4 \to F_2^4$ be an S-box. If S fulfills the following conditions we call S an optimal S-box.

1. S is a bijection.
2. Lin(S) = 8.
3. Diff(S) = 4.

When designing a block cipher it is important to know the set of S-boxes to choose from in order to get an optimal resistance against known attacks. Number of all permutations on $F_2^n$ is $2^n$ and even for small dimensions n, it is crucial to reduce the number of S-boxes which have to be considered.

It is well known (see for example [8]) that the values of Diff($S$) and Lin($S$) remain unchanged if we apply affine transformations in the domain or co-domain of $S$. In particular if we take an optimal S-box in the above sense and transform it in an affine way, we get another optimal S-box. That's why we could find only representatives of the different equivalence classes. The definition for the affine equivalence is the following:

**Definition 2.** The S-boxes $S_1, S_2: F_2^n \to F_2^m$ are affine equivalent if

$$S_2(x) = B \cdot S_1(A \cdot x \oplus a) \oplus b$$

where A and B are invertible $n \times n$ and $m \times m$ matrices, respectively, $a \in F_2^n, b \in F_2^m$.

In [2] Leander and Poschmann proved that there are only 16 different optimal 4-bit S-boxes up to affine equivalence. In [9] Saarinen extends on this work by giving further properties of the optimal S-Box equivalence classes. He defines two S-Boxes to be cryptanalytically equivalent if they are isomorphic up to the permutation of input and output bits and a XOR of a constant in the input and output. In [5] the authors consider all invertible 4-bit S-boxes and search for most efficient S-box in each equivalence class.

**5. Future Work**

This research is focused on the calculation of the most important parameters of given S-boxes, generation of optimal S-boxes and classification of all (or only the optimal) S-boxes of given size. We are going to improve our technique in two ways:

- Optimization of the algorithms and search for new effective methods for computations. Our examples in this work are mainly for 4 × 4-bit S-boxes. The application of the used methods to calculate the parameter for large S-boxes is not feasible with a conventional computer and basic architecture.
- Parallel programming.
  Modern processors offer more advanced techniques, such as parallelism, pipelining and instruction set extensions. Using these features for S-box implementations can result in other tradeoffs which could be investigated. Selection of a technology for parallel programming combined with different optimizing methods can ensure promising results.

**6. Conclusion**

S-boxes form the nonlinear part in the block ciphers therefore they are very important for security of the ciphers. We must select S-Boxes carefully in order to be optimally resistant against known attacks.

Here, we gave a brief classification of the S-boxes criteria. We considered some important parameters of the S-boxes and presented the programs for their calculation which we wrote in C++ programming language. We also added some test results on different S-boxes with the running time, the size of the used RAM, and the size of the text file with the results. There are different methods and algorithms to calculate these parameters. Here, we mentioned some of them and explained what we have used.

We gave a concept for optimality of an S-box. Searching for optimal S-Boxes is a difficult task. There are many algorithms, using different representations of the optimal S-boxes, but still the problem remains.

In Section 5 we mentioned different techniques which can be used to obtain promising results. Parallel programing together with different methods and optimizing techniques can offer promising results in calculations of the properties and finding optimal S-boxes.

**References:**

[1] C. E. Shannon: “Communication Theory of Secrecy Systems.” Bell System Technical Journal, Vol 28, pp. 656–717, October 1949.

[2] G. Leander and A. Poschmann: “On the Classification of 4 Bit S-Boxes.” In C. Carlet and B. Sunar (Eds.): WAIFI 2007, LNCS 4547, pp. 159–176. Springer (2007).

[3] M. Matsui. *Linear cryptanalysis method for DES cipher*. In Advances in Cryptology – EUROCRYPT’93, vol. 765 of LNCS, pp.386-397, Springer Verlag, 1994.

[4] Biham, E., Shamir, A.: Differential cryptanalysis of des-like cryptosystems. In: Menezes, A., Vanstone, S.A. (eds.) CRYPTO 1990. LNCS, vol. 537, pp. 2–21. Springer, Heidelberg (1990).

[5] M. Ullrich, C. De Cannière, S. Indesteege, Ö. Küçük, N. Mouha, and B. Preneel: “Finding Optimal Bitsliced Implementations of 4x4-bit S-Boxes.” SKEW 2011 Symmetric Key Encryption Workshop, Copenhagen, Denmark, 16-17 February 2011.

[6] J. Daemen and V. Rijmen. The Design of Rijndael. Springer-Verlag New York, Inc., Secaucus, NJ, USA, 2002.

[7] An Braeken (March 2006): Cryptographic Properties of Boolean Functions and S-Boxes, PhD Thesis, Katholieke Universiteit Leuven.

[8] Claude Carlet, **“**Vectorial Boolean Functions for Cryptography”, Chapter of the monography “Boolean Models and Methods in Mathematics, Computer Science, and Engineering”, Cambridge University Press, 2010.

[9] M.J. O. Saarinen: "Cryptographic Analysis of All 4x4 Bit SBoxes." In A. Miri, S. Vaudenay (Eds.): Selected Areas in Cryptography 18th International Workshop, SAC 2011. Toronto, ON, Canada, August 1112, 2011, Revised Selected Papers. LNCS 7118, pp. 118133. Springer (2012)

# Пребарување информации во ЕРП системи: АртАИИС студија на случај

Ѓорѓи Гичев[1], Ана Паневска[1], Ивана Атанасова[1], Зоран Здравев[2], Цвета Мартиновска-Банде[2], Јован Пехчевски[3]

[1]Артисофт, Скопје, Македонија
(george.gicev, ana.panevska, ivana.atanasova)@artisoft.net
[2]Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Македонија
(zoran.zdravev, cveta.martinovska)@ugd.edu.mk
[3]Факултет за информатика, Европски универзитет - Скопје, Македонија
jovan.pehcevski@eurm.edu.mk

**Апстракт**

Во процесот на раководење и водење на една компанија, богатството информации со кои располага компанијата, а кои укажуваат на нејзиното функционирање и развој и кои се употребуваат за подобрување на целосниот тек на работа, е од голема важност да биде постојано на допир и пристап до оној кому му е потребно. ЕРП системите кои денес претставуваат јадрото на информации на бизнисот на една компанија сè повеќе наоѓаат место во истражувачките кругови поради потребите за нивно подобрување и редефинирање на функционалниот аспект на достапност на податоците во системот.

Во овој труд е прикажана практична имплементација на пребарувачка машина за постоечки ЕРП систем наречен АртАИИС. Решението се обидува да воведе една нова насока во пребарувањето податоци во ЕРП системот АртАИИС, имено текст базирано пребарување, кое овозможува искористување на богатството на информации во компанискиот информациски систем, како за редовни така и за нередовни и необучени корисници за увид, бизнис аналитика и сл. Резултатите од нашата евалуација на стандардното филтер пребарување и пребарувачката машина за дадена тест колекција на информациски потреби покажуваат дека димензијата на текст ориентирано пребарување придонесува за полесна употреба на пребарувачка функционалност во ЕРП системот АртАИИС за сите типови на корисници.

**Клучни зборови:** *пребарувачка машина, ЕРП системи, текст базирано пребарување, компаниско пребарување.*

## 1 Вовед

Во светот на континуиран и зголемен проток на информации, постои евидентно зголемување на квантитетот на податоци потребни за анализа, бизнис увид и управување со информацијата во модерните интегрирани информациски системи. Денешниот свет веќе генерира околу 2.5 ексабајти ($2.5x10^8$B) нови информации секој ден, што резултира со огромен импулс на решенија за Big Data (Halim, 2013).

Поради богатството на информации што ги има на веб, способноста да се пронајдат бараните информации со употреба на алатки за пребарување како Google заштедува многу време. Слични и поголеми предности, исто така, може да се добијат доколку пребарувањето на информации се ограничи во рамки на информациските системи на една компанија. Компаниска апликација, слично како и интернетот, поврзува компјутерски податоци низ целата компанија, обединувајќи различни типови информации во една единствена целина.

Како и во раните денови на интернетот, за да се пронајде информација во компаниската бизнис апликација потребно е да се знае каде истата се наоѓа. Овој метод

на пребарување претставува прифатлив начин за редовни корисници на системот за пребарување на информации за набавки, добавувачи или клиенти. Но, истиот не е применлив за повремен корисник на системот, па дури и за поредовен корисник кој пребарува информации низ апликацијата во област која не му е позната. Бидејќи компаниските апликации покриваат повеќе различни оддели и области на информации, тешко е корисниците на системот да имаат подетално познавање на функционалностите на целата апликација. Поради ова и апликациските вендори доаѓаат на пазарот со ралични решенија за пребарување во нивните продукти.

Постојат два различни приоди за овозможување на ваков вид на критично пребарувачка функција. Првиот приод се базира на компаниска апликациска алатка за пребарување која е цврсто интегрирана со компаниската апликација, и доставува пребарувачки резултати од апликацикиот систем на знаење. Овој тип на приод е применет од бројни технолошки вендори, вклучувајќи го и Google, кој ја претстави својата Google Search Appliance и Google Mini Products (Gaudin, 2012). Дополнително, SAP и Oracle продолжуваат со маркетинг на своите пребарувачки алатки како засебни продукти не само за своите апликации, туку и каде било на друго место во компанискиот интранет и бази на податоци.

Вториот приод на пребарување низ компанискиот информациски систем вклучува пребарувачка функција која е поцврсто интегрирана со специфична апликација, и истата претставува неопходна карактеристика која е потребно да се бара во една компаниска апликација. Само неколку апликациски вендори се фокусираат на доставување на функционалност на пребарување во рамки на нивната бизнис апликација која нуди пребарувачки способности слични на Google.

Денешните водечки светски софтверски вендори на ЕРП решенија сè повеќе започнаа со воведување на напредни пребарувачки машини во своите системи со цел подобрување на искуството на своите корисници. Дел од нив започнаа соработка со постоечки компании кои изработуваат вакви системи за интеграција на нивните апликации за поефикасно пребарување. Така Ziliak (2013), коосновач на xkzero, укажува дека според истражување спроведено од нив, корисниците на традиционалните ЕРП системи може да поминат и до 25% од своето време во пребарување на основни податоци низ своите системи. Нивниот систем GetX овозможува пребарување во стилот на Google за познатите Sage ЕРП системи преку пребарување на индексирана база на податоци (Ziliak, 2013).

Дополнително, сè повеќе компании ги препознаваат предностите од ваква надградба на својот ЕРП систем. Таков пример е компанијата EnPro (Frey, 2013). Компанијата решава да имплементира скалабилно и аналитичко решение кое ќе обезбеди преглед во корисничките интереси во реално време. Со помош на технологиите in-memory, овој приод овозможува податочно процесирање и аналитика во неколку секунди – искористувајќи ја машината на ЕРП системите од новите генерации.

Во овој труд детално е прикажана практичната имплементација на *артисофт пребарувачката машина*. Во продолжение на трудот е направен осврт на архитектурата, компонентите и нивната меѓсебна комуникација. Понатаму се опишани чекорите за имплементација на артисофт пребарувачка машина во ЕРП системот АртАИИС. На крај се прикажани резултатите од евалуацијата на двата типа на пребарување, филтер пребарување и артисофт пребарувачка машина и соодветно се диксутирани заклучоците и идните надградби и доработки на предложеното решение.

## 2. ЕРП пребарувачка машина во АртАИИС

Основната идеја на оваа практична имплементација беше да се развие сервисен и веб-ориентиран софтверски модул кој е интеграбилен, односно може да се користи како

пребарувачка машина во рамки на било која веб-базирана апликација и без разлика на документите т.е. содржините низ кои истата ќе пребарува.

Идејата се темели на два основни концепта:

- *Plug-n-play концепт на интеграбилност на корисничкиот интерфејс* – овој концепт подразбира дека пребарувачката машина како кориснички интерфејс за пребарување може да се имплементира врз која било веб-базирана апликација, независно од технологијата што се користи за развој на апликацијата во која се имплементира, како и од онаа за развој на пребарувачката машина.
- *Концепт на независност од колекција на документи* - овој концепт подразбира независност од видот на документи низ кои сакаме да пребаруваме, како и содржината на истите. Пребарувачката машина се полни, т.е. храни со податоци за овие документи преку јавно достапни веб-сервиси кои може да се повикаат од кој било софтвер независно од технологијата што се користи за развој на истиот. Од овој аспект, артисофт пребарувачката машина претставува сервисно-ориентиран продукт.

Артисофт пребарувачката машина претставува интегриран софтверски модул кој е комбинација од веб-апликација и множество на веб-сервиси за интерна комуникација во рамки на апликацијата, како и екстерни сервиси за комуникација со надворешни апликации. Токму екстерните сервиси се оние сегменти од решението кои овозможуваат имплементација на артисофт пребарувачката машина на која било веб-базирана апликација, т.е. систем. Апликацијата за потребите на индексирање и пребарување на документи го користи Lucene[1] - open-source множество од библиотеки кое овозможува поддршка за развој и имплементација на апликации за пребарување низ документи. Lucene, главно, се користи за пребарување низ текстуални содржини, иако има можност и за еден вид „имитација” на релациона база на податоци. Целиот пакет е збир од Јава базирани библиотеки кои содржат моќни класи и функции за индексирање и пребарување на текстуални содржини.

### 2.1. *Архитектура на артисофт пребарувачката машина*

Артисофт пребарувачката машина е продукт кој претставува комбинација од веб-апликација и множество од веб-сервиси за комуникација во рамки на истата, како и со надворешни системи врз кои истата би се интегрирала. Развојот на веб-апликацијата и веб-сервисите е доволно параметарски така што поддржува функционалност на различни платформи и технологии. Во продолжение ќе ги резимираме основните поими за пребарување информации и елементи на артисофт пребарувачката машина.

**Документ**

Документ е ентитет кој претставува логичка целина од содржина, автор, наслов, опис и сл. кој е од одредена вредност за дадена компанија, но истиот физички не мора да постои. Може да биде збир од записи во база на податоци, извештај добиен од некоја апликација, документ кој физички се чува во некој системи за менаџирање на документи или кој било електронски документ.

Секоја компанија може да чува повеќе документи од различни категории. Секој еден документ кој се индексира мора да се креира како Lucene Document објект или поточно објект од класата org.apache.lucene.document.Document. Полињата содржина, наслов, автор и краток опис се индексираат при градење на индексот. Сите полиња, освен полето

[1] http://lucene.apache.org/

содржина се чуваат во рамки на документ објектот, т.е. во индексот. Полето содржина не се чува поради фактот што индексот може да бара голема меморија за манипулација и да го забави процесот на пребарување. Сите останати информации се доволни за идентификација на документот и приказ на резултатите при пребарување. URL на документот може да биде мрежно достапна физичка локација на постоечки документ, URL до одреден документ во веб-апликација итн.

**Стоп-зборови**

Стоп-зборови е множество од зборови за дадена компанија кои треба да се игнорираат при индексирање и пребарување. Секоја компанија го параметризира ова множество на зборови. Стоп-зборовите се најчесто сврзници, предлози и слични зборови кои не се многу значајни при пребарување. Од аспект на индексирање, ваквите зборови значително придонесуваат во намалување на големината на индексот.

**Стоп-карактери**

Стоп-карактери е множество од специјални карактери кои се користат за поделба на даден текст на зборови. Иницијален стоп-карактер е празното место. Дополнително стоп-карактери може да бидат карактери како “,./\';][!@#$%^&*()_+=” итн.

Мора да напоменеме дека колку и да изгледа едноставно мора да се посвети внимание при дефинирање на ваквите карактери, бидејќи истите може значајно да влијаат на пребарувањето. Пример за вакво сценарио е користење на “.” како стоп-карактер. На крајот од реченица таа е стоп-карактер, меѓутоа при индексирање на датумот 22.03.2013, термовите (терм, во понатамошниот текст збор) кои ќе се индексираат се “22”, “03” и “2013”.

**Парсер**

Парсерот е ентитет кој во интерниот дизајн на решението се нарекува *тип на парсер*. Всушност, операцијата на парсирање се извршува преку Lucene објектот Analyzer, поточно објект од класата org.apache.lucene.analysis.standard.StandardAnalyzer. Тип на парсер како ентитет се користи заради дефинирање на различни комбинации на стоп-зборови и стоп-карактери при индексирање на различни видови документи.

**Инвертиран индекс**

Инвертиран индекс претставува структура која чува статистики за множеството од зборови во документната колекција, како и листа од документи во кои даден збор се појавува. Целата комплексност на форматот на зачувување, заедно со сите информации и врски меѓу објектите кои се креираат при градење на индексот, е задача која ја извршува Lucene. Она што треба да се дефинира при генерирање на индексот е неговата физичка локација, односно директориумот во кој истиот ќе се чува. За Lucene индексот е збир од датотеки кои се запишуваат во еден директориум и се меѓусебно зависни. Оваа комплексност ја елиминираме така што индексот го нарекуваме директориум и ја знаеме локацијата на која треба да запишуваме и од која треба да читаме при пребарување.

### *2.2. Компоненти на артисофт пребарувачката машина*

Архитектурата на артисофт пребарувачката машина се состои од неколку компоненти: Document Crawler, Document Creator, Index Builder, Index и Searcher. Тие се објаснети како што следува.

*Document Crawler* – е компонента која комуницира со надворешни системи заради пронаоѓање на документи кои на одреден начин се означени дека треба да се

индексираат. Алгоритмот е креиран да ги помине рекурзивно сите директориуми на дадената локација и да ги собере сите пронајдени документи. Секој од овие документи се процесира и според форматот на истиот се повикува компонента која ја презема содржината на истиот во текст формат, како и други податоци од типот на наслов, автор и сл.

*Document Creator* - е компонента која директно може да се повика од кој било надворешен систем во вид на веб сервис. Се користи за обработка на документот во моментот на негово креирање, при што сервисот ја експортира содржината на истиот или пак ја добива во форма на текст како влезен аргумент. По процесирање на документот се повикува *Index Builder* компонентата која го индексира истиот.

Паралела на горниве две компоненти е веб crawler, робот компонента која го изминува вебот и ги индексира новите документи. Во случајот кога треба да се изминат веќе постоечки документи има потреба од дополнителни сетирања. Ова парче код го нарекуваме docProxy и е прашање на имплементација на секој систем кој ќе ја користи пребарувачката машина.

*Index Builder* - оваа компонента игра една од клучните улоги во системот и се користи за индексирање на еден или група на документи. Се повикува од една од класите documentCrawler или documentCreator во Lucene кои како резултат даваат множество на документи. Всушност, задачата на оваа компонента е да запише еден или множество на документи во т.н. индекс на компанијата на која и припаѓаат документите.

*Searcher* - Searcher (Пребарувач) е компонента која се користи за пребарување. Оваа компонента како влезни аргументи прима идентификатор на компанијата и корисникот кој пребарува, како и клучните зборови. Нејзината задача е да пребарува низ директориумот кој се чува во RAM меморија, или пак низ главниот индекс, доколку не постои индекс во RAM меморија. Притоа се дефинира и по која од колоните кои се индексирани ќе се пребарува.

### 2.3. Практична имплементација на артисофт пребарувачката машина

ЕРП системите на компаниите се централно место каде што се чуваат сите документи потребни за функционирањето на истите. Пребарувањето во ЕРП системите најчесто се врши со полиња филтри каде што корисникот е потребно да знае точна информација за идентификување на документот или пребарувањето резултира во голема листа на документи, подредени по нерелевантни фактори за оној кој пребарува.

АртАИИС е ЕРП системот на артисофт кој генерира 50-тина различни типови на документи. Пребарувањето се врши низ посебни функции за секој различен тип на документ со предефинирани филтри селектирани според проектантските анализи и одлуки при иницијалното проектирање на системот или пак при редизајн, секако со ограничувачки фактори. На овој начин не би можеле да се земат предвид сите можни сценарија, промени и потреби на корисниците, па во даден момент истиот е нефлексибилен и крут за корисниците.

Во продолжение се резимирани сите чекори потребни за имплементација на функционалност за индексирање и пребарување на документи од АртАИИС од тип *тикети* преку *артисофт пребарувачката машина*. Овие чекори се генерализирани и важат при имплементација на пребарувачката машина над која било колекција на документи од каква било категорија.

1) *Чекор 1: Поставување на компанија* – Првиот чекор е евиденција на компанијата која ќе ја користи *пребарувачката машина*.
2) *Чекор 2: Внес и мапирање на корисници* – За секоја компанија е потребно да се внесат

и мапираат корисниците на ЕРП системот кои би го користеле пребарувањето како функционалност. Секое пребарување се евидентира во историјат на пребарувања за корисникот кој пребарувал.

3) *Чекор 3: Конфигурација на системот* – Задолжителен чекор пред да се индексираат документите е конфигурација на начинот на процесирање на содржината на документите. Овој чекор опфаќа пополнување на стоп-карактери и стоп-зборови, како и креирање на потребните типови на парсери. Типот на парсер кој го креиравме за целите на имплементација на Пребарувачката машина во АртАИИС е означен за default и ги вклучува стоп карактерите ^|,;:!?'"$*&/\., како и стоп зборовите *во, да, до, е, и, иако, итн, каде, како, на, но, од, по, покрај, пред, се, сл, т.е., што*, итн.
4) *Чекор 4: Полнење на индекс* – Веќе ги објаснивме компонентите *documentCrawler* и *documentCreator* кои се користат за обработка на документите кои треба да се индексираат и повикување на компонентата Index Builder која ќе ги индексира. Компонентата *documentCreator* е погодна доколку документите физички постојат на дадена мрежно достапна локација. Во нашиот случај документите (тикетите) се виртуелни, т.е. се комбинација од податоци кои се чуваат во релациона база на податоци. Во овој случај мора да креираме *docProxy* компонента, т.е. парче код кое ќе ги креира документите кои сакаме да ги индексираме. Секој систем во кој се чуваат виртуелни документи треба да има можност за нивно печатење, при што документот се генерира во некаков отворен формат (најчесто pdf). Готовиот модул за печатење на документи се користи за нивно физичко креирање, по што пред да бидат избришани, се повикува компонентата која ќе ги индексира. Компонентата *documentCreator* може да се користи и за индексирање на сите новонастанати документи.
5) *Чекор 5: Интеграција на кориснички интерфејс* – Овој чекор подразбира воведување на можност за пребарување низ индексираните документи преку апликацијата на самиот корисник, во овој случај АртАИИС ЕРП системот.

## 3. Евалуација на ефективноста на артисофт пребарувачка машина

Во оваа секција се резимирани резултатите од евалуација и тестирање на практичната имплементација на артисофт пребарувачката машина во ЕРП системот АртАИИС. Методологијата за евалуација вклучува статистичка анализа и презентација на перформансите на двата системи преку добро познат сет од мерки за евалуација: Presicion, Recall и MAP (Manning et al., 2009). За пресметка на овие мерки користен е TREC_EVAL 8.1 софтверскиот пакет.

Најважните метрики за евалуација на ефективноста на еден пребарувачки систем се:

- RECALL – враќање на сите релевантни документи;
- PRECISION – враќање на најрелевантните документи на почеток од листата;
- КОМБИНАЦИЈА
    - враќање на што помалку нерелевантни документи;
    - враќање на релевантните документи пред нерелевантните.

Precision (P) е делот на вратени документи кои се релевантни

$$Precision = \frac{\#(\text{вратени релевантни документи})}{\#(\text{вратени документи})}$$

Recall (R) е делот на релевантни документи кои се вратени

$$Recall = \frac{\#(\text{вратени релевантни документи})}{\#(\text{релевантни документи})}$$

Mean Average Recall (MAP) единствена мерка за квалитетот на сите нивоа на recall:

$$MAP(Q) = \frac{1}{|Q|}\sum_{j=1}^{|Q|}\frac{1}{m_j}\sum_{k=1}^{m_j} Precision(R_{jk})$$

Дополнително, пребарувањето на информации низ компаниските информациски системи има различни потреби и специфики. Компаниските ЕРП системи се користат од различни типови на корисници, корисници кои се во секојдневна интеракција со системот и функционалности кои се блиски со обврските кои ги имаат на работното место и корисници кои не се доволно обучени да го користат системот или одреден дел од системот кој не е поврзан со нивните секојдневни обврски. Во евалуацијата што следува ќе ги земеме предвид двата типа на корисници.

### *3.1. Опис на тест колекција*

Секоја тест колекција што се користи за евалуација на ефективност на информациски ситеми се состои од три главни компоненти:

- Колекција на документи, која е множество од документи што ќе се индексираат и врз кои ќе се извршува пребарување и мерење;
- Колекција на упити или пребарувања, т.е. тест множество од информациски потреби (пребарувања, query-ja);
- Множество на рачно идентификувани релевантни документи за секој упит или пребарување.

#### *3.1.1. Колекција на документи*

Колекцијата на документи е множество од сите документи од АртАИИС од тип *тикети*. Тикет претставува документ кој се генерира за секоја активност во рамки на компанијата која подразбира интеракција со клиент на истата. Секоја пријава на проблем, барање за модификација, оперативна поддршка и сл. резултира со документ од овој тип во ЦРМ (CRM – Customer Relationship Management) модулот од АртАИИС. Тикетите содржат повеќе описни податоци внесени од страна на клиентите, како опис и манифестирање на проблем, како и информации кои се внесуваат од страна на вработените кои го разрешуваат проблемот, како што се причина за појава на проблем, мислење, опис на решение на проблемот и сл.

Во продолжение, во табела 1 се прикажани основни статистики за колекцијата на документи (тикети):

**Табела 1.Статистики за колекцијата на документи**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр. на документи** | 2908 | **Бр. на зборови** | 363166 |
| **Просечен бр. на зборови во документ** | 124.8 | **Големи на индекс на хард диск** | 1.12MB |
| **Време на генерирање на док.** | 60ms | **Време на индексирање на документ** | 422ms |

#### *3.1.2. Тест множество на упити*

Тест множеството од информациски потреби претставува збир од различни видови на упити или пребарувања (queries) кои се генерирани од експерти, односно лица кои секојдневно ги креираат или пак употребуваат на било каков начин документите од тип *тикет.*

Колекцијата содржи вкупно 25 пребарувања кои се поделени во две категории:

1. *Филтер, DB (Database)-ориентирани пребарувања* - Пребарувањата кои припаѓаат на оваа категорија може релативно лесно и точно да генерираат резултати од пребарувањето користејќи ги постоечките филтри за пребарување во ЕРП системот АртАИИС. Тикетот е збир од полиња кои се пополнуваат според шифрарници, односно еден вид на формулар, како и од полиња кои се текстуални. Доколку за пребарувањето е доволно пополнување на одредени филтер полиња или пак датумски полиња, тогаш пребарувањето припаѓа во оваа категорија. Оваа категорија содржи 14 од вкупно 25 пребарувања и се користи за моделирање на потребите на корисниците кои се во секојдневна интеракција со системот и функционалности кои се блиски со обврските кои ги имаат на работното место.
2. *Текст-ориентирани пребарувања* - Пребарувањата кои припаѓаат на оваа категорија, односно резултатите кои се очекуваат од истите не може да се добијат користејќи ги постоечките филтри за пребарување во ЕРП системот АртАИИС, односно системот или не поседува можност за пребарување според одредени услови или пак генерира огромна листа од резултати која не е подредена според никаква релевантност во однос на она што се пребарува. Овие пребарувања најчесто се комбинација од зборови кои може да се појават како дел од кое било од текстуалните, т.е. описните полиња на тикетот. Пример за такво пребарување е комбинација од неколку збора и датум или пак дел од датум. Оваа категорија содржи 11 од вкупно 25 пребарувања и се користи за моделирање на потребите на корисниците кои не се доволно обучени да го користат системот или одреден дел од системот кој не е поврзан со нивните секојдневни обврски.

### 3.1.3. Множество на релевантни документи

Последниот сегмент од тест колекцијата е множеството на релевантни документи за секој упит или пребарување. Резултатите од пребарувањата во двата система, како и листата на релевантни документи потоа се користи како влез во TREC_EVAL.8.1 кој пресметува множество на метрики кои се користат за евалуација (оценување) и споредба на двата система.

Итеративно се поминуваат сите пребарувања и за секое се извршуваат следните чекори кои резултираат со добивање на множество од максимум 80 документи за евалуација за секое пребарување, како и вектор на релевантност за секој од овие 80 документи:

1. *Пребарување во пребарувачка машина* - Се извршува пребарување во артисофт пребарувачката машина со одреден сет на клучни зборови и се евидентира времето на пребарување, како и листа од идентификациски броеви на документите кои се добиваат како резултат сортирани според алгоритам за Scoring на документи на Lucene (OkapiBM25) за релевантност. Пребарувањето го извршува корисник кој не е многу искусен во работа со документи од тип *тикети*.
2. *Пребарување во АртАИИС* - Се извршува пребарување во АртАИИС со сет на филтри кои ги дефинира корисникот од информацискатa потреба на пребарувањето.

Се евидентира времето на пребарување, како и листа од идентификациски броеви на документите кои се добиваат како резултат сортирани според редослед на внес на документите во системот. Редоследот на приказ на даден документ е всушност неговиот ранг. Пребарувањето го извршува корисник кој не е многу искусен во работа со документи од тип *тикети*.

3. *Сет на резултати кои се повторуваат* – Од евидентираната листа на идентификациски броеви на тикети, како и нивните рангови, програмски се селектираат оние кои се повторуваат како резултат во пребарувањата извршени во првите два чекора. Доколку има 80 или пак помалку од 80 вакви документи сите стануваат дел од множеството на документи за евалуација на релевантност. Доколку има повеќе од 80 документи, се селектираат првите 80 сортирани според средната вредност на рангот на документот во двата система. Во овој случај се прескокнува чекорот 4.
4. *Сет на резултати кои не се повторуваат* – Доколку во претходниот чекор не се формира колекција од 80 документи, истите се дополнуваат со документи кои се појавуваат како резултати само во еден од системите. Распределбата е подеднаква.
5. *Оценување на релевантност на* пребарувања – Во овој чекор се избираат експерти, односно лица кои ја познаваат проблематиката и кои ќе ја оценуваат релевантноста на секој од документите во колекцијата на документи за евалуација на даденото пребарување. Секој од документите бинарно се означува дали е релевантен за моменталното пребарување (со 1 или 0). Оваа листа на вредности го формира векторот на релевантност.
6. *Генерирање на влез во TREC_EVAL* – Од генерираните листи на резултати, придружени со нивните рангови, како и колекцијата на документи за евалуација и векторот на релевантност, програмски се генерираат текстуални документи кои потоа претставуваат влезни аргументи во програмата за евалуација. При ваквата обработка на резултатите се добиваат и одредени статиситки за тест колекцијата.

Во продолжение се прикажани општи статистички податоци за тест колекцијата за секоја категорија на пребарувања (табела 2 и табела 3).

**Табела 2. Статистички податоци за тест колекцијата за категорија *текст***

| Резултати | Максимален бр. | Минимален бр. | Просечен бр. |
|---|---|---|---|
| **Артисофт пребарувачка машина** | 2899 | 22 | 1474 |
| **АртАИИС** | 2445 | 0 | 458 |
| **Релевантни док. во колекција на док. за евалуација** | 80 | 0 | 40 |

**Табела 3. Статистички податоци за тест колекцијата за категорија DB**

| Резултати | Максимален бр. | Минимален бр. | Просечен бр. |
|---|---|---|---|
| **Артисофт пребарувачка машина** | 2894 | 25 | 1394 |
| **АртАИИС** | 2445 | 0 | 660 |
| **Релевантни док. во колекција на док. за евалуација** | 80 | 7 | 29 |

### *3.2. Експериментални резултати*

Во продолжение се прикажани резултатите, табеларно (табела 4 и табела 5) и графички (слика 1 и слика 2) од евалуација на двата система за пребарување со двете категории, DB базирани и текст базирани пребарувања.

**Табела 4. Резултати од пребарување со DB базирани пребарувања**

| DB БАЗИРАНО | |
|---|---|
| **Артисофт пребарувачка машина** | |
| **Метрика** | Вредност |
| **P5** | 0.27 |
| **P10** | 0.26 |
| **P15** | 0.25 |
| **P20** | 0.26 |
| **P30** | 0.27 |
| **P100** | 0.28 |
| **MAP** | 0.25 |
| **AP** | 0.05 |

| DB БАЗИРАНО | |
|---|---|
| **АртАИИС** | |
| **Метрика** | Вредност |
| **P5** | 0.43 |
| **P10** | 0.44 |
| **P15** | 0.42 |
| **P20** | 0.42 |
| **P30** | 0.42 |
| **P100** | 0.41 |
| **MAP** | 0.45 |
| **AP** | 0.19 |

**Табела 5. Резултати од пребарување со текст базирани пребарувања**

| ТЕКСТ БАЗИРАНО | |
|---|---|
| **Артисофт пребарувачка машина** | |
| **Метрика** | Вредност |
| **P5** | 0.36 |
| **P10** | 0.32 |
| **P15** | 0.31 |
| **P20** | 0.30 |
| **P30** | 0.25 |
| **P100** | 0.27 |
| **MAP** | 0.34 |
| **AP** | 0.22 |

| ТЕКСТ БАЗИРАНО | |
|---|---|
| **АртАИИС** | |
| **Метрика** | Вредност |
| **P5** | 0.11 |
| **P10** | 0.07 |
| **P15** | 0.08 |
| **P20** | 0.08 |
| **P30** | 0.08 |
| **P100** | 0.08 |
| **MAP** | 0.08 |
| **AP** | 0.01 |

Резултатите покажуваат дека артисофт пребарувачката машина е значително поефективна при текст-базирани пребарувања (табела 5 и слика 2), додека очекувано стандардното филтер пребарување во АртАИИС ЕРП системот се покажа како поефективно во пребарувањето на информации поврзани со дадени точно познати вредности за атрибутите на документот кој се бара (табела 4 и слика 1). Секако, вториот случај подразбира детално познавање на начинот на кој функционира целиот систем, додека првиот е прикладен за корисници кои воопшто не се запознаени со спецификите на системот и се научени да пребаруваат информации користејќи стандардни методи на веб (или Google-like) пребарување.




**Слика 1. Резултати Precision и Recall од пребарување со DB базирани пребарувања**




**Слика 2. Резултати Precision и Recall од пребарување со текст базирани пребарувања**

## 4. Заклучок и идна работа

Во овој труд прикажавме практична имплементација на пребарувачка машина за постоечки ЕРП систем наречен АртАИИС. Преку експериментални резултати покажавме дека без разлика колку и да му е добро познат системот на корисникот кој пребарува, времето потребно да се навигира до одреден кориснички екран за пребарување низ даден тип на документи, како и времето потребно да се пополнат сите филтри, не смее да се запостави. Придонесот од имплементација на пребарувачка машина врз кое било парче софтвер е во можноста за брзо и ефективно пребарување низ множество на документи и текстуални содржини од различни типови, користејќи единствен и едноставен кориснички интерфејс.

Во иднина би можело да се направат неколку дополнителни оптимизации на пребарувачката машина во поглед на претпроцесирањето на документите, како и во алгоритамот за рангирање на истите. Поддршка на латинично и кирилично пребарување е исто така потребна идна надградба на пребарувачката машина, со цел да се овозможи намалено време за доаѓање до потребната информација преку олеснување на корисничката интеракција со системот.

## Литература

[1] Frey, L, (2013). Reinventing the ERP Engine. Tech Trends 2013 – Enablers http://www.deloitte.com/assets/Dcom-UnitedKingdom/Local%20Assets/Documents/Services/Consulting/uk-con-reinventing-erp-engine.pdf

[2] Gaudin, S, (2012). Google upgrades Search Appliance for enterprises. ComputerWorld, http://www.computerworld.com/s/article/9232198/Google_upgrades_Search_Appliance_for_enterprises

[3] Halim, N. 2013, Stream processing. Director and Chief Architect of Big Data, IBM. прегледано на 20.11.2013 http://www.ibm.com/smarter-computing/us/en/technical-breakthroughs/stream-processing.html

[4] Manning, C, D, Raghavan, P, Schütze, H, (2009). *An Introduction to Information Retrieval,* Cambridge University Press

[6] Ziliak, P, (2013). Powerful ERP search tool now available for Sage 100 ERP v2013. http://www.prweb.com/releases/2013/2/prweb10478394.htm, прегледано на 10.12.2013

# ЕДУКАТИВНО ПОДАТОЧНО РУДАРЕЊЕ СО MOODLE 2.4

Зоран Милевски[1], Зоран Здравев[1]

[1] Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
milevskiz@gmail.com, zoran.zdravev@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Околините за е-учење имаат за цел да обезбедат ефикасни методи за учење, да овозможат корисниците во кое било време да пристапат кон одредени ресурси, да постават решенија за одредени проблеми, да бидат оценети за нивниот труд и сл. Една од попознатите такви околини е системот за е-учење Moodle. Овие околини како Moodle користат и складираат големи количини на податоци, но во повеќето случаи не задоволуваат поголем дел од барањата за нивна примена и недоволно ја прикажуваат активноста на учесниците при учењето. Целта на овој труд е со помош на техники за податочно рударење како што се класификација, кластерирање, статистики и регресија, да се опише процесот на селекција и добивање на податоци од базата на податоци на Moodle и да се креира контролна табла – веб базирана апликација што ќе комуницира со системот за е-учење Moodle и ќе обезбедува неколку нивоа на пристап и тоа: менаџерско, администраторско, наставничко и корисничко ниво, и практично ќе прикажува обработени податоци и извештаи кои ќе го подобрат пристапот на евалуација на поголеми групи на учесници во процесот на учење. Со тоа директно се решава и проблемот на наставниците во поглед на нивната поддршка при работа со ваков тип на платформи и големи количини на податоци.

**Клучни зборови:** *далечинско учење, е-учење, едукативно податочно рударење, Moodle, едукативни контролни табли, извештаи во повеќе нивоа.*

# EDUCATION DATA MINING WITH MOODLE 2.4

Zoran Milevski[1], Zoran Zdavev[1]

**Faculty of computer science, Goce Delcev University, Stip, Macedonia**
[8] M. H. Yang, “Kernel Eigenfaces vs. Kernel Fisherfaces: Face Recognition using Kernel Methods, Proc. Of IEEE Int. Conf. on Face and Gesture Recognition, pp 2150220, Washington DC USA, May 2002.

[9] K. Brady, M. Brandstein, T. Quatieri, B.Dunn, “AN EVALUATION OF AUDIO-VISUAL PERSON RECOGNITION ON THE XM2VTS CORPUS USING THE LAUSANNE PROTOCOLS”, MIT Lincoln Laboratory, 244 Wood St., Lexington MA 02420-9185,2006

[10] C. C Chibelushi, F, Deravi and J. S. Mason, "Voice and Facial Image Integration for Speaker Recognition", IEEE Intemational Symposium Multimedia Technologies and Future Applications, Southampton, UK, 1993.

[11] R. Brunelli, D. Falavigna, Person identification using multiple cues, IEEE Trans. Pattern Anal. Machine Intell. 10 (1995) 955–965.

[12] R. Brunelli, D. Falavigna, T. Poggio and L. Stringa, "Automatic Person Recognition Using Acoustic and Geometric Features", Machine Vision & Applications, Vol. 8, 1995, pp. 317-325.

[13] L. Torres, L. Lorente, and J. Vilà, "Face recognition using self-eigenfaces," in International Symposium on Image/Video Communications Over Fixed and Mobile Networks. Rabat, Morocco, 2000, pp.44-47.

[14] J. F. Connolly, E. Granger , R. Sabourin, „An adaptive classification system for video-based face recognition“, Information Sciences 192 (2012) 50–70

[15] G.L. Foresti, L. Snidaro, A distributed sensor network for video surveillance of outdoor environments, in: IEEE Proc. on the Int’l Conf. on Image Processing, Rochester, USA, 2002.

[16] B. Li, R. Chellappa, Gabor attributes tracking for face verification, in: IEEE Proc. on the Int’l Conf. on Image Processing, 2001

[17] A. Majumdar, P. Nasiopoulos, Frontal face recognition from video, in: Advances in Visual Computing, Las Vegas, USA, 2008

[18] A. Mian, Unsupervised learning from local features for video-based face recognition, in: IEEE International Conference on Automatic Face and Gesture Recognition, 2008.

[19] A. Howell and H. Buxton, "Towards unconstrained face recognition from image sequences," in Proceedings of the Second IEEE International Conference on Automatic Face and Gesture Recognition, 1996, pp.2-7.

[20] B. Li and H. Yin, "Face Recognition Using RBF Neural Networks and Wavelet Transform," in Advances in Neural Networks – ISNN 2005, vol.3497, Lecture Notes in Computer Science: Springer Berlin / Heidelberg, 2005, pp.105-111.

[21] Z. Biuk and S. Loncaric, "Face recognition from multi-pose image sequence" in Proceedings of 2nd IEEE R8-EURASIP Int'l Symposium on Image and Signal Processing and Analysis. Pula, Croatia, 2001, pp.319-324.

[22] L. Rowden, B. Klare, J. Klontz, A. K. Jain, „Video-to-Video Face Matching: Establishing a Baseline for Unconstrained Face Recognition“,Michigan State University, East Lansing, MI, U.S.A., 2013

[23] M. H. Yang, D. Kriegman, and N. Ahuja, "Detecting faces in images: a survey," IEEE Transactions on Pattern Analysis and Machine Intelligence, Vol.24, pp.34-58, 2002.

[24] Z. Liposcak and S. Loncaric, "A scale-space approach to face recognition from profiles," in Proceedings of the 8th International Conference on ComputerAnalysis of Images and Patterns, Vol. 1689, Lecture Notes In Computer Science. London, UK: Springer-Verlag, 1999, pp.243-250.

[25] L. Torres, "Is there any hope for face recognition?" in Proc. of the 5th International Workshop on Image Analysis for Multimedia Interactive Services (WIAMIS 2004). Lisboa, Portugal, 2004.

# ИНТЕРНЕТ АПЛИКАЦИЈА ЗА ОБРАБОТКА НА СЛИКИ СО МАТРИЧНИ ТРАНСФОРМАЦИИ

Иван Стојанов[1], Ана Љуботенска[1], Игор Стојановиќ[1], Зоран Здравев[1]

[1]Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
(ivan.stojanov, ana.ljubotenska, igor.stojanovik, zoran,zdravev)@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Дигиталните слики се создаваат за да прикажуваат или зачувуваат корисни информации, но поради големиот број недостатоци што постојат при процесот на нивна обработка, снимената слика секогаш претставува деградирана верзија на оригиналот. Затоа, потребата од сигурен метод за нивна обработка е и повеќе од неопходна. Од друга страна, софтверот со отворен код нуди низа предности. Тој е достапен за секого и секој може да го анализа, надградува и ажурира, со цел да се сподели поквалитетно решение со заедницата и понатамошно искористување на истото за лични или општествени потреби. Дозволата за пристап која ја има пошироката јавност, претставува појдовна точка на развојот на кодот, која е проследена со континуирано подобрување на структурата и функционалностите на истиот. Токму споменатите предности на софтверот со отворен код, како и потребата од интернет апликација за обработка на слики, се основната мотивација за овој труд. Нашата работа ќе биде насочена кон развивање на веб-апликација која ќе врши матрични манипулации и истата ќе ја имплементираме како проект со отворен код. Применливоста на апликацијата ќе биде насочена кон обработката на слики. Реставрацијата и одмаглувањето, како значајни процеси при обработката на слики, ќе се вршат со матрични трансформации во позадина. Поради актуелноста на оваа проблематика, се очекува готовата апликација да биде применлива, а добиените резултати користени за понатамошни истражувања од областа обработка на слики, како на нас, така и на други истражувачи, чии истражувања се во оваа област.

**Клучни зборови:** *веб-апликација, обработка на слики, операции со матрици, замаглување, реставрација на слики, PHP програмирање, MySQL системи.*

## 1. Вовед

Во денешното современо општество дигиталните медиуми ги заменија традиционалните аналогни медиуми, што е разбирливо живеејќи во ера на информации, каде што билиони битови податоци се создаваат во секој дел од секундата. Дигиталните слики се еден од најчестите видови на дигитални облици денес. Затоа и обработката на дигиталните слики е проблем од клучно значење. Под дигитална обработка на слики се подразбираат повеќе методи за нивна обработка со помош на компјутер.

Значаен дел од областа на обработка на слики претставува реставрацијата на слики, што уште се нарекува и одмаглување на слики или деконволуција. Таа се занимава со реконструкција, односно проценка на слики кои имаат замаглување или шум. Реставрацијата на слика се обидува да изврши операција врз сликата која е инверзна на несовршеностите појавени при системот на нејзино форматирање, како на пример шумот. При користењето на методи за реставрација на слика се претпоставува дека карактеристиките на системот на деградирање и шум се познати приори, иако во практични ситуации не секогаш може да се добие оваа информација директно од процесот на формирање на сликата [4]. Изворот на слика може да биде од различен вид, па поради тоа најдобро е при обработката на слики истите да се прикажат во матричен облик.

Како појдовна точка за развој на проектот беше анализата на литература со слична тематика [1,2,3] од која е преземена основата на овој проект. Идејата за изведба на начините на кои се внесуваат вредностите на сликите како елементи на матрици, заедно со другите функционалности за обработка на слики, се добиени преку анализа на споменатата литература. Имплементирањето на апликацијата за обработка на слики преку матрици ќе биде со користење на софтвер со отворен код, поради неговите предности и можноста за постојано надградување, што придонесуваат ваквите проекти да се усовршуваат во форма каква би била најприфатлива. Со давањето на дозвола за пристап до изворниот код на проектот се отвора можност за добивање на повратни информации од поширокота маса, со што ќе се добие фокус кон тоа што треба да се поправи и усоврши, за преку имплементација на најдобрите решенија, да се одговори на потребите.

За постигнување на целта на овој труд се користат техники со отворен код [5,6], како што се скрипт-јазикот PHP и системот за управување на релациони бази со податоци MySQL. Крајниот продукт во форма на веб-апликација ќе ги соедини сите концепти од линеарната алгебра кои се поврзани со манипулациите кои може да се извршуваат врз матрици во обработката на слики, конкретно објаснети подолу. Имплементирани во проектот, овие концепти ќе му овозможат на корисникот на едно место да може да ги зададе матриците како влезни параметри и истовремено да има пристап до еден широк спектар на операции од каде што со неколку кликови би се дефинирала манипулацијата што треба да се изврши врз внесените матрици, односно слики и со тоа да се добие соодветен краен резултат кој веднаш ќе се презентира на корисникот. Начинот на кој е постигната дефинираната цел би бил презентиран на поширокиот аудиториум преку поставување на крајната апликација на веб, заедно со изворниот код.

## 2. Обработка на дигитални слики со матрични трансформации

Применливоста на направената апликација ќе биде разгледувана за случај каде што влезни матрици, односно операнди внесени од страна на корисникот се дигитални слики. Ова доаѓа како последица од идејата оваа апликација да ја примениме за обработка на дигитални слики, поточно за нивна реставрација. Дигиталните слики наједноставно можеме да ги дефинираме како слики претворени во бинарен формат, читлив за компјутерот кој се состои од логички 0 и 1. Сликата како податок може да

биде дефинирана како дводимензионална функција $f(x,y)$, каде што $x$ и $y$ се просторни координати. Областа на обработка на дигиталните слики се однесува на обработувањето на сликите дигитално, со помош на компјутер. Дигиталните слики се состојат од конечен број на елементи, каде што секој од нив има посебна локација и вредност и овие елементи се среќаваат под името пиксели или елементи на сликата. Трите најголеми теми во областа на обработка на слики се: реставрација на слики, подобрување на квалитетот на слики и компресија на слики [7,8]. Реставрацијата на слики за првпат станува актуелна во педесеттите години на минатиот век, а големата актуелност и денес се должи на нејзината голема примена, на пример кај сателитските слики, медицинските снимки или компјутерската графика. Основната шема на процесот на обработка на слики, односно реставрирање на слики, е дадена во продолжение:




**Слика 1. Основна шема на обработка на слика**

каде што $f(x,y)$ е оригиналната, недеградирана слика, $\eta(x,y)$ е додаден шум односно замаглување, $g(x,y)$ е деградираната слика, а $\hat{f}(x,y)$ е реставрираната слика. На процесот на реставрација му претходи процесот на деградација, кој настанува со примена на одредена функција на деградирање врз оригиналната слика, на што уште се придружува замаглување или шум. Со ова се добива деградирана слика, врз која можат да се применат одредени филтри за реставрација и како резултат да се добие реставрирана слика. Успешноста на реставрацијата зависи од тоа колку реставрираната слика е поблизу до оригиналот. Колку реставрираната слика е послична со оригиналот, толку процентот на реставрација бил поуспешен.

Всушност, сликите прикажуваат или снимаат корисни информации. Поради голем број на недостатоци кои постојат при процесот на обработување на сликите, снимената слика секогаш претставува деградирана верзија на оригиналната слика. Постојат различни начини на кои сликата може да биде деградирана, како на пример: шумот, геометриските деградации (дисторзија на врвовите), осветлувањето или несовршености на боја (на пример сатурација) и замаглувањето [9]. Замаглувањето, како најчест причинител на деградација, е форма на намалување на пропусниот опсег на идеалната слика, што се должи на несовршености при формирањето на сликата. Најчесто се предизвикува од релативно моторно движење меѓу камерата и оригиналната сцена, оптички систем кој е надвор од фокусот или атмосферски турбуленции.

### *2.1. Математички модел за обработка на дигитални слики со матрични трансформации*

Во позадина на интерфејсот на апликацијата стојат алгоритми за реставрирање на слики, кои се повикуваат на основните концепти од линеарната алгебра, кои се однесуваат на манипулациите кои може да се извршуваат врз матрици при реставрирањето на слики [10]. Замаглувањето на слика делува како точка на ширење на функцијата, што се означува со $h(x,y)$. Методите кои се користат за реставрирање на слика спаѓаат во групата на линеарни, просторно независни филтри за реставрирање. Притоа се претпоставува дека статистичките својства на сликата не се менуваат просторно. Овие претпоставки на моделирање математички можат да се формулираат така што ќе претпоставиме дека ако $f(x,y)$ е оригиналната, просторно дискретна слика, која не подлежи на замаглување и шум, тогаш снимената слика $g(x,y)$ се моделира со:

$$g(x,y) = h(x,y) * f(x,y) = \sum_{k_1=0}^{N-1} \sum_{k_2=0}^{M-1} h(k_1,k_2) * f(x-k_1, y-k_2)$$

На овој начин се прави проценка на идеалната слика, во случај кога се дадени само деградираната слика и функцијата на замаглување [11].

Ова може да се прошири за реална $H$ матрица од тип $mxn$. За неа обликот ќе биде:

$$g = Hf, g \in \mathbb{R}^m; f \in \mathbb{R}^n; H \in \mathbb{R}^{mxn}$$

Со ова се опишува недетерминистички систем од $m$ истовремени равенства, кои се вршат според горната формула, по едно за секој елемент од векторот $g$ и $n$ непознати, по едно за секој елемент од векторот $f$. Притоа бројот на непознати $n$ се пресметува според $n = m + l - 1$, каде што параметарот $l$ означува хоризонтално, линеарно замаглување, предизвикано од движење, изразено во пиксели. При реставрацијата на слика, која е замаглена од релативно моторно движење, резултатот се состои од решавање на недетерминистички систем, според последното равенство. Во такви услови, замаглената слика се опишува матрично со:

$$\begin{bmatrix} g_1 \\ g_2 \\ \vdots \\ g_m \end{bmatrix} = \begin{bmatrix} h_1 & \cdots & h_l & 0 & 0 & 0 & 0 \\ 0 & h_1 & \cdots & h_l & 0 & 0 & 0 \\ \vdots & \vdots & \vdots & \vdots & \vdots & \vdots & \vdots \\ 0 & 0 & 0 & \cdots & h_1 & \cdots & h_l \end{bmatrix} \begin{bmatrix} f_1 \\ f_2 \\ \vdots \\ f_n \end{bmatrix}$$

Елементите на матрицата $H$ се дефинирани како: $h_i = 1/l$, за секое $i = 1,2,3 \ldots l$. Целта е да се направи проценка на оригиналниот ред со помош на редовите од f (содржан во векторот $\mathrm{f}^{\mathrm{T}}$), според секој ред од матрицата на замаглената слика g (содржана во векторот $\mathrm{g}^{\mathrm{T}}$), под претпоставка дека карактеристиките на системот на деградирање $H$ е познат приор [9][11].

Аналогно може да се дефинира и матрица $F$ која ќе одговара на оригиналната детерминистичка слика, така што елементите на сликата ќе бидат $F_{ij}$ за $i = 1,2 \ldots r$ и за $j = 1,2 \ldots n$. Тогаш матрицата на замаглување овде ќе ја означиме со $G$ и ќе се пресметува со:

$$G_{ij} = \frac{1}{l} \sum_{k=0}^{l-1} F_{i,j+k}, i = 1, \ldots, r, j = 1, .., m$$

Матричниот облик на ова, што одговара на замаглување предизвикано од хоризонтално движење, е:

$$G = (HF^T)^T = FH^T$$

Кога се работи за процес на замаглување со вертикално движење, матричните трансформации се според следнава форма:

$$g = Hf, g \in \mathbb{R}^m; f \in \mathbb{R}^r; H \in \mathbb{R}^{mxr}$$

Овде за $r$ важи дека $r = m + l - 1$, а $l$ означува замаглување под дејство на вертикално, линеарно движење, изразено во пиксели. Соодветно, формата на матрицата $G$, што одговара на вертикално, линеарно замаглување на слика предизвикано од движење е:

$$\mathrm{G} = \mathrm{HF}, \mathrm{G} \in \mathbb{R}^{\mathrm{mxn}}; \mathrm{H} \in \mathbb{R}^{\mathrm{mxr}}; \mathrm{F} \in \mathbb{R}^{\mathrm{rxn}}$$

Овие матрични трансформации за реставрирање на замаглена слика ќе бидат имплементирани во крајното веб-решение. Благодарение на нив, се покажува како реставрацијата може да се примени врз замаглени слики, со што замаглувањето од сликите ќе се елиминира преку користење на манипулациите со матрици, според математичкиот облик, објаснет претходно. Освен овие матрични трансформации, ќе бидат овозможени и основните трансформации со матрици, како собирање, одземање, транспонирање и слично, бидејќи дел од нив ќе се користат и при реставрирањето.

3. **Функционирање на интернет апликацијата**

За развој на крајното веб решение е користен скрипт- јазикот PHP кој претставува слободен софтвер и воедно е најкористена технологија за развој на проекти со отворен код од типот на веб-апликации [12]. При извршување на одредена операција врз матрици, добиениот краен резултат заедно со покажувач кој ќе ја идентификува извршената операцијата и матриците со кои се оперира, се складираат во база со податоци на сервер, со цел при следното повикување на истите параметри резултатот да се земе директно од базата и со тоа да се редуцира времето за извршувањето на пресметките. Систем користен за управување на релациони бази со податоци е MySQL системот. [13]

Првиот чекор во процесот на пресметка е внесувањето на вредностите на елементите од матриците преку интеракција со корисникот. Вредностите на елементите може да бидат од типот на цели или децимални броеви и истите може да бидат зададени на кој било од трите начини опишани во продолжение. Првиот начин е преку задавање на димензиите на матриците и соодветно според внесените вредности на истите се пристапува кон формирање на матрична табела од текст полиња, така што вредноста во секое текст поле одговара на вредноста на еден елемент од матрицата. Вториот начин е преку директно внесување на елементите на матриците во текст полиња кои се достапни во интернет апликацијата, така што корисничкиот внес мора да исполнува одреден формат т.е. елементите во матрицата да се одделени еден од друг со карактер за празно место (blank space), додека пак преоѓањето во нов ред да се карактеризира со

знакот за премин во нов ред (Enter). Последниот начин на внесување на матриците е преку форма за прикачување на датотеки со .txt формат каде што содржината во датотеката треба да го исполнува претходно опишаниот формат како при вториот начин на задавање на вредностите на елементите во матриците.

Откако матриците се внесени во апликацијата, се пристапува кон избор на соодветна операција која ќе се изврши врз нив. На корисничкиот интерфејс ќе бидат достапни разни видови на манипулации, како што се операциите за собирање и одземање, наоѓање на производ на две матрици, транспонирање на матрица, наоѓање на инверзна матрица, пресметување на детерминанта на матрица, скалирање, степенување и разни комбинации од сите претходно споменати операции во насока за реставрирање на слика. За извршување на некои од манипулациите неопходно е да бидат внесени вредностите на елементите на две матрици, додека пак за дел од операциите доволни се вредностите на елементите и на само една матрица. За некои од операциите (комбинации од операции) како операнди ќе се јавуваат и три матрици. Изборот на посакуваната операција е чекор кој е проследен со извршување на истата.

По изборот на операцијата, а непосредно пред нејзиното извршување, се пристапува кон базата со податоци на серверот и се врши проверка дали во неа веќе постои резултатот од внесените матрици и избраната операција и како таков доколку е пронајден се зема од базата и се прикажува на корисникот без притоа да се губи време во пресметка. Ако не е пронајден резултат од пребарувањето во базата, се пристапува кон извршување на пресметка на избраната операција и добиениот резултат пред да биде презентиран на корисникот се складира во базата, за следниот пат кога ќе бидат повикани истите параметри за пресметка, да се редуцира времето за пресметка на операциите. Притоа, една матрица во базата се складира како низа од елементи така што елементите меѓусебно се разделени со запирки.

### 3.1. **Структура на базата**

Генерално, во базите со податоци ќе имаме два вида на табели во кои ќе се складираат матриците, влезни матрици – операнди внесени од страна на корисникот и врз кои ќе се извршуваат манипулациите и излезни матрици – крајни резултати добиени од пресметките на манипулациите. За влезните матрици покрај низа во која се чуваат вредностите на елементите, потребно е да бидат складирани и информација за димензијата на матрицата и единствен идентификатор по кој ќе се пристапува до матрицата кога ќе биде потребна.

**Табела 1. Структура на табелата за влезните матрици**

| ***matrices_in*** | | |
|---|---|---|
| ***id_in*** | ***elements_in*** | ***dimensions*** |
| 1 | 8,4,2,6 | 2x2 |
| 2 | 1,1,…,4,3 | 5x6 |
| 3 | 2,5,…,4,7 | 6x14 |

Кај табелите за излезните матрици, покрај низата во која се складираат вредностите на елементите и единствениот идентификатор, потребно е да се складира и поле кое ќе претставува некој вид на покажувач кон операцијата која се извршува (*operation*), колони кои содржат идентификатори кон матриците – операнди врз кои се извршуваат операциите, како и дополнителни параметри кои ќе бидат искористени за комбинации од манипулации.

**Табела 2. Структура на табелата за излезните матрици**

| ***matrices_out*** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***id_out*** | ***elements_out*** | ***operation*** | ***matrix_I*** | ***matrix_II*** | ***matrix_III*** | ***r*** | ***s*** | ***p*** | ***q*** |
| 1 | 8,2,4,6 | (A)T | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | 16,8,4,12 | rA + sB | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 3 | 12,9,…,14,17 | A * B | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Воведувањето на дополнителните параметри (конкретно во случајот во табела 2) овозможува скалирање на матриците пред да се изврши некоја манипулација врз нив. Доколку корисникот сака да изврши манипулација врз матриците без тие да бидат скалирани, вредностите на параметрите ги поставува на вредност 1. Истите се искористени во повеќе формулации на изрази за манипулација. По внесување на матриците преку интерфејсот, со избор на одредена операција се генерира соодветен покажувач и истиот се бара во базата со податоци, поточно во табелата во која се складирани информациите за излезните матрици. Ако во базата се пронајдени полиња со истата операција, се пристапува кон споредба на внесените матрици преку идентификаторските броеви и во случај на пронајден резултат се враќа вредноста од *elements_out* колоната. Во спротивно, ако не е пронајден таков резултат во базата, се пристапува кон извршување на соодветните пресметки и складирање на излезниот резултат како нова колона во matrices_out табелата.

**Заклучок**

Користејќи ја претходно обработена идеја за развој на интернет апликација, со која би се извршувале матрични манипулации за обработка на слики, направивме анализа на истата и ја искористивме како основа за развој на целокупен проект. Целта на крајниот проект е имплементирање на бројни техники од линеарната алгебра во еден веб-кориснички интерфејс,

за имплементација на сработеното во процесот на обработка на слики. На почеток дадовме вовед во кој укажавме на потребата од интернет апликација за обработка на слики, поточно реставрирање на слики. Ги наведовме и предностите на проектите со отворен код, поради кои проектот што ќе го реализираме ќе го поставиме како таков. На тој начин секој ќе може да пристапува, да има увид во кодот на проектот и да го менува истиот, со цел да се добијат поефикасни крајни резултати, во смисла на развивање и имплементирање на подобри техники за редуцирање на времето потребно за пресметки или слично. Креираниот кориснички интерфејс за реставрација на слики може да се користи за понатамошни истражувања, анализи и споредби, конкретно во проблеми за одмаглување на замаглени слики. Исто така, може да се користи за проценување на ефикасноста на ваквиот начин, со матрични манипулации за реставрирање на слики, преку споредба на добиените резултати со овој пристап со резултатите добиени со некој друг пристап или, пак, да се утврди отстапувањето од математичките очекувања. Преку креираниот веб кориснички интерфејс за реставрација на слики се покажува уште и како PHP и MySQL може да се искористат за креирање на кориснички интерфејси кои можат да се користат за различни намени и притоа истите да бидат едноставни за употреба од страна на корисниците.

**Литература**

[1] M. Tasić (2011): Computation of generalized inverses using Php/MySql environment. International Journal of Computer Mathematics, Volume 88, Issue 11, 2011.

[2] S. Pepić (2012): Matricna izracunavanja u PHP/MySQL okruzenju. PhD thesis, Prirodno Matematicki Fakultet, Univerzitet u Nisu.

[3] James Theiler (2011): Sparse Matrix Transform for Hyperspectral Image Processing, IEEE JOURNAL OF SELECTED TOPICS IN SIGNAL PROCESSING, VOL. 5, NO. 3

[4] Bovik, A. (2009):The essential guide to image processing. London: Academic Press is an imprint of Elsevier.

[5] J. Greenspan, B. Bulger (2001):MySQL/PHP Database Applications, M&T Books: An imprint of IDG Books Worldwide, Inc., Foster City, NY, USA.

[6] H. Williams, D. Lane (2004): Web Database Applications with PHP & MySQL, 2nd Edition, O'Reilly Media, Inc., Beijing, Cambridge, Famham, KÄoln, Paris, Sebastopol, Taipei, Tokyo.

[7] Gerard Blanchet, M. C. (2006). Digital Signal and Image Processing Using MATLAB. London, UK: Hermes Science Europe Ltd.

[8] R.E., G. R. (2002). Digital image processing (2nd ed.). (N. Upper Saddle River.) Prentice Hall

[9] A. M. Tekalp, H. Kaufman, and J. W. Woods (2008): Identification of image and blur parameters for the restoration of non-causal blurs. IEEE Trans. Acoust., 34:963–972.

[10] A. K. Katsaggelos (2008): Digital Image Restoration. Springer Verlag, New York.

[11] J. Biemond, R. L. Lagendijk, and R. M. Mersereau (2009): Iterative methods for image deblurring. Proc. IEEE, 78(5):856–883.

[12] J. Meloni (2004): PHP 5, MA: Thomson Course Techology, Boston.

[13] R. Elmasri and S.B. Navathe (2003): Fundamentals of Database Systems, Addison-Wesley, 4th edition.

# УТАУТ И НЕЈЗИНАТА ПРИМЕНА ВО ОБРАЗОВНА СРЕДИНА: ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА

Мирјана Коцалева[1], Игор Стојановиќ[2], Зоран Здравев[2]

[1] Центар за електронско учење, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
[2] Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
(mirjana.kocaleva, igor.stojanovik, zoran,zdravev)@ugd.edu.mk

**Апстракт.** Информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) имаат потенцијал да ги подобрат сите аспекти на нашиот општествен, економски и културен живот. Воведувањето на ИКТ во универзитетите како високообразовни установи, јасно го менува начинот на кој образованието се спроведува. Но, колку што е важно воведувањето, толку е важно и прифаќањето на новите ИКТ. За таа цел ќе ја употребиме унифицираната теорија за прифаќање и употреба на технологијата (УТАУТ) со која ќе се објасни намерата на корисникот да користи информациони системи и последователно да го следи однесувањето од нивното користење.
Во трудов е опишан моделот УТАУТ и факторите кои влијаат на него, како и неговата модификација со текот на времето. Понатаму се дадени примери за примената на УТАУТ во различни средини. И на крај, во заклучокот наведуваме зошто прифаќањето на ИКТ е задолжително и што треба да се преземе за да се прифати една нова технологија.

**Клучни зборови**: *УТАУТ, клучни фактори, технологија.*

# UTAUT AND ITS APPLICATION IN AN EDUCATIONAL ENVIRONMENT: STATE-OF-THE-ART

Mirjana Kocaleva[1], Igor Stojanovik[2], Zoran Zdravev[2]

[1] E-learning Center, “Goce Delcev” University, Stip, Macedonia
[2]Faculty of computer science, “Goce Delcev University”, Stip, Macedonia
(mirjana.kocaleva, igor.stojanovik, zoran,zdravev)@ugd.edu.mk

**Abstract.** Information and communication technologies (ICT) have the potential to improve all aspects of our social, economic and cultural life. The introduction of ICT in universities as institutions of higher education is clearly changing the way in which education is conducted. But, as much as important its introduction is, the more important is the acceptance of new technologies. For that purpose, we shall use a unified theory of acceptance and use of technology (UTAUT) which will explain the user’s intention to apply information systems and subsequently to monitor the behavior of their usage.
This paper describes the UTAUT model and the factors that affect it, and its modification over time. Furthermore, examples are given for the application of UTAUT in different environments. Lastly, in the conclusion we note why the uptake of ICT is mandatory and what should be undertaken in order to accept a new technology.

**Keywords:** *UTAUT, key factors, technology.*

## 1. Introduction

The presence of communication and information technologies in organizations today has dramatically increased. Some studies suggest that, by 1980, about 50 percent of all new capital investments in organizations had been in information technology (Westland and Clark 2000). However, the technologies for improved productivity must be accepted and used by employees in organizations.

The explanation of customer acceptance of new technology is often described as one of the most researched areas in modern literature information systems (IS) (Hu et al. 1999). Studies in this area have resulted in several theoretical models, with roots in information systems, psychology and sociology (Davis et al. 1989; Taylor and Todd 1995b; Venkatesh and Davis 2000).




**Figure 1. Basic Concept Underlying User Acceptance Models (Venkatesh et al. 2003)**

Figure 1 presents the basic conceptual framework underlying class of models, explaining the individual acceptance of information technology that is the basis of this research (Venkatesh et al. 2003).

In this paper we describe the UTAUT theory created by Venkatesh in 2003, as well as its modified versions from 2008 and 2012 respectively, along with the factors that affect them. In the version of UTAUT of 2008 there are some changes in the schedule of the factors affecting the acceptance of new technologies and new three key factors, while the model of 2012 was extended and was intended for the consumer sector. Further, examples are given of the application of UTAUT in university environment where the surveys were conducted on university academics and their results are shown respectively in Table 2, Table 3 and Table 4, given below in part 5. Finally, in conclusion we note why the acceptance of ICT should be mandatory and which obligations should be undertaken to accept one new technology and to be used in a university environment.

## 2. Synthesis of various models and creating a unified view of user acceptance

Information technology (IT) accepts researches that gave many competing models for acceptance and use of information and communication technologies, each model with different acceptance of determinants. Each theory or model has been widely tested to predict user acceptance (Venkatesh and Davis, 2000; Thompson et al., 1991). However, no comprehensive instrument to measure the variety of perceptions of information technology innovations had existed until Venkatesh et al. (2003) attempted to review and compare the existing user acceptance models with an ultimate goal to develop a unified theory of technology acceptance by integrating every major parallel aspect of user acceptance determinants from those models.

The eight original models and theories of individual acceptance that are synthesized by Venkatesh et al. (2003) are: the Theory of Reasoned Action (TRA), Technology Acceptance Model (TAM), Motivational Model (MM), Theory of Planned Behavior (TPB), Combined TAM and TPB (C-TAM-TPB), Model of PC Utilization (MPCU), Innovation Diffusion Theory (IDT) and Social Cognitive Theory (SCT). Constructs of each models and theories, including the UTAUT model, are represented in Table 1.

**Table 1: Models and Theories of Individual Acceptance (Oye et al. 2011)**

| Models and Theories | Constructs |
|---|---|
| Theory of Reasoned Action (TRA) by Fishbein and Ajzen (1975) derives from psychology to measure behavioral intention and performance. | Attitude<br>Subjective norm |
| Technology Acceptance Model (TAM) by Davis (1989) develops new scale with two specific variables to determine user acceptance of technology.<br><br>Technology Acceptance Model 2 (TAM2) by Venkatesh and Davis (2000) is adapted from TAM and includes more variables. | Perceived Usefulness<br>Perceived Ease of Use<br>Subjective Norm*<br>Experience*<br>Voluntariness*<br>Image*<br>Job Relevance*<br>Output Quality*<br>Result Demonstrability*<br>* indicates TAM2 only |

| | |
|---|---|
| Motivational Model (MM) also stems from psychology to explain behavior. Davis et al. (1992) applies this model to the technology adoption and use. | Extrinsic Motivation<br>Intrinsic Motivation |
| Theory of Planned Behavior (TPB) by Ajzen (1991) extends TRA by including one more variable to determine intention and behavior. | Attitude<br>Subjective norm<br>Perceived Behavioral Control |
| Combined TAM and TPB (C-TAM-TPB) by Taylor and Todd (1995). | Perceived Usefulness<br>Perceived Ease of Use<br>Attitude<br>Subjective norm<br>Perceived Behavioral Control |
| Model of PC Utilization (MPCU) by Thompson et al. (1991) is adjusted from the theory of attitudes and behavior by Triandis (1980) to predict PC usage behavior. | Social Factors<br>Affect<br>Perceived Consequences (Complexity, Job-Fit, Long-Term Consequences of Use)<br>Facilitating Conditions<br>Habits |
| Innovation Diffusion Theory (IDT) by Rogers (1962) is adapted to information systems innovations by Moore and Benbasat (1991). Five attributes from Rogers' model and two additional constructs are identified. | Relative Advantage*<br>Compatibility*<br>Complexity*<br>Observability*<br>Trialability*<br>Image<br>Voluntariness of Use<br>* indicates Roger's constructs. |
| Social Cognitive Theory (SCT) by Bandura (1986) is applied to information systems by Compeau and Higgins (1995) to determine the usage. | Encouragement by Others<br>Others' Use<br>Support<br>Self-Efficacy<br>Performance Outcome Expectations<br>Personal Outcome Expectations<br>Affect<br>Anxiety |
| Unified Theory of Acceptance and Use of Technology Model (UTAUT) by Venkatesh et al. (2003) integrates above theories and models to measure user intention and usage on technology | Performance Expectancy<br>Effort Expectancy<br>Attitude toward Using Technology<br>Social Influence<br>Facilitating Conditions<br>Self-Efficacy<br>Anxiety |

Researchers are faced with a choice among variety of models and know that they have to "choose" factors across models, or to choose "favorite model" and to ignore the contributions of alternative models. Thus, there is a need to review and synthesize in order to progress towards a unified view of user acceptance.

Based on the conceptual and empirical similarities across models, a single model is formulated and now a unified theory of acceptance and use of technology (UTAUT) is often used.

UTAUT was tested by using the original data and overcoming the eight individual models, and in that way it was founded. UTAUT has become a useful tool that managers need to apply in order to evaluate the probability of success while introducing a new technology and helps to understand the factors for its acceptance, in order to undertake more active interventions (such as training or marketing) targeted at users who may be less prone to adopt and use new systems (Venkatesh et al. 2003).

## 3. What is the UTAUT

UTAUT aims to explain user intention to use information systems and subsequently to monitor the behavior of their use. The theory considers that four key factors (performance expectancy, effort expectancy, social influence and facilitating conditions) are direct determinants of intention and usage behavior. Gender, age, experience and voluntary use are set to mediate between the impacts of the four key factors of the intention to use and the behavior (Venkatesh et al., 2003, Figure 2).




**Figure 2. Diagram of UTAUT theory (Venkatesh et al. 2003)**

## 4. Modifications of UTAUT

In 2008, Venkatesh made modification on UTAUT (Figure 3) and the new model used the behavioral intention, facilitating conditions, and behavioral expectations as predictors of the three key factors of a system that we use. The three key factors of the system here are duration, frequency and intensity. Each of these three predictors play different roles in predicting each of the three factors of the system we are using.




Relationship hypothesized as significant in UTAUT (Venkatesh et al. 2003), but nonsignificant here

UTAUT (Venkatesh et al. 2003) or TAM2 (Venkatesh and Davis 2000) relationships

New relationships

**Figure 3. Diagram of UTAUT theory (Venkatesh et al. 2008)**

In 2012 there was an expanding of the scope of unified theory of acceptance and use of technology (UTAUT) for acceptance and use of technology in the consumer context (Venkatesh et al.). This theory was called UTAUT 2.




1. Moderated by age and gender.
2. Moderated by age, gender and experience.
3. Moderated by age, gender and experience.
4. Effect on use behavior is moderated by age and experience.
5. New relationships are shown as darker lines.

**Figure 4. Diagram of UTAUT 2 theory (Venkatesh et al. 2012)**

UTAUT 2 included three new constructions in the previous model of UTAUT: hedonistic motivation, price value and habit. Individual differences – age, gender, and experience - were hypotheses for moderating effects of these constructs on the behavioral intention and the use of technology. Compared with the UTAUT, the proposed extensions in UTAUT 2 produced significant progress in explaining the variance in the behavioral intention (from 56 percent to 74 percent) and the use of technology (from 40 percent to 52 percent).

## 5. Application of the UTAUT

At the University of Jos Plateau, Nigeria, a pilot – study was conducted which contained 23 UTAUT survey questions and 9 demographic statements in the total amount of 32 questions (Oye et al. 2011). Respondents were university academics. The survey showed that, 57% of respondents were male and 43% were female. By using the pilot study questionnaire part of the demographic statements, they were able to give answer to the following questions (a) Was ICT mandatory or voluntary in their institution? (b) What were the greatest barriers for using ICT for academics? The following results were obtained: the majority of the full-time lecturers (89%) responded that ICT was mandatory. Question which talked about barriers of using ICT, had the majority of the respondents (42%) which said that their problem was the time; on the other hand (31%) said that the problem was the training. Others respondents (4%) said that the cost was their problem, another group (20%) said that they needed the compensation and the final group (3%) said that, it did not fit their programs. This implies that the university ICT made task more easily accomplished, thereby making them more productive. Hence result from the survey showed that 86.5% agreed with that. Therefore this determined the level of expected adoption of ICT by the respondents. Among the four UTAUT constructs, performance expectancy exerted the strongest effect. Therefore Performance expectancy was the most influential factor for the acceptance and use of ICT by the respondents.

Recommendations that were made were that, all employed teachers in Federal, State and Private universities should undertake mandatory training and retraining on ICT programs. This study used the models TAM and UTAUT to understand the teacher's behavioral intention on the acceptance and use of the technology.

**Table 2. Results from the study in Nigeria (with UTAUT constructs of reliability of above 0.70.)**

| **Results from the study in Nigeria (Number of respondents N = 100)** | | |
|---|---|---|
| **Gender** | Male | 57% |
| | Female | 43% |
| **Use** | Mandatory | 89% |
| | Voluntary | 11% |
| **Barriers for using ICT** | Time | 42% |
| | Training | 31% |
| | Cost | 4% |
| | Compensation | 20% |
| | Do not fit with the job | 3% |

Another survey was conducted in a large public university in the Midwest area. The revised questionnaires were distributed to 394 undergraduate students in a business administration course. There were 294 returned responses, for an overall response rate of 74.62 percent. The demographic data of respondents were also collected. Table 2 demonstrates sample characteristics.

The subject of the questionnaire was the assessment of the students' intention to use Blackboard (named MyGateway at the survey institution) which is a Web-based software system used to support flexible teaching and learning in face-to-face and distance courses. Blackboard is an educational innovation that provides tools and facilities for the online course management, content management and sharing, assessment management, and online collaboration and communication between faculty and students or among students themselves.

**Table 3. Sample Characteristics from the study in Midwest area (p-value <= .01)**

| Sample Characteristics | Results |
|---|---|
| **Academic Year** | Freshman 30.38 %<br>Sophomore 15.00 %<br>Junior 40.77 %<br>Senior 13.08 %<br>Other 0.77 % |
| **Gender** | Male 50.38 %<br>Female 49.62 % |
| **Age** | Mean 22.12<br>S.D. 5.19 |
| **Application Experience** | None 50.77 %<br>1-2 Semester 30.77 %<br>More than 2 Semester 18.46 % |
| **Application Training** | None 82.31 %<br>1-5 Hours 16.92 %<br>More than 5 Hours 0.77 % |
| **Voluntariness** | Yes 50.00 %<br>No 50.00 % |

The last study attempted to understand factors that affected university students' usage intention of library apps in university libraries. The survey was administered in Taiwan in the context of adopting library apps in university libraries; the subjects selected were distributed across various departments, and undergraduate and graduate students in eastern Taiwan from each department and school were fairly evenly distributed to ensure valid comparison.

All subjects participated in the study voluntarily. There were a total of 363 Participants, 168 males and 195 females. Within the sample population: 277 (76.3 percent) were undergraduate students and 86 (23.7 percent) were graduate students. The age of the participants ranged from 18 to 28 years. Most of the participants (69 percent) stated they were familiar with the term library APP before the survey.

**Table 4. Results from the study in Taiwan (p-value <= 0.05; 0.01; 0.001)**

| Results from the study in Taiwan (Number of respondents N = 363) | | |
|---|---|---|
| **Gender** | Male | 168 |
| | Female | 195 |
| **Population** | undergraduate students | 277 |
| | graduate students | 86 |

## 6. Conclusion

Today the majority of researches in IS are focused on adoption and use of various technologies. Hence the application of UTAUT is of great importance for them, because this theory helps us to get real result in real time, based on opinion of the respondents.

According to various studies that have been implemented in many universities that use the UTAUT, we conclude that the use of ICT is almost everywhere mandatory, but we are still working on an adoption and use of new technologies by academic staff.

However, we know that by using new technologies we improve the quality of work, if they are accepted and used by employees. The faster a technology is accepted by all employees, the faster the effectiveness and efficiency of operations will improve. For a technology to be accepted by the employees, mandatory training, time, and above all perseverance and desire to learn something new are required.

## References:

[1] Carmen C. Lewis, Cherie E. Fretwell, Jim Ryan, James B. Parham. (2013). Faculty Use of Established and Emerging Technologies in Higher Education: A Unified Theory of Acceptance and Use of Technology Perspective. *International Journal of Higher Education*, 22-34.

[2] Dapper, G. (n.d.). *User acceptance of Enterprise 2.0 - A case study at an internationally operating private bank.*

[3] Il Im, Seongtae Hong, Myung Soo Kang. (2011). An international comparison of technology adoption Testing the UTAUT model. *Information & Management*, 48, 1-8

[4] Lemuria Carter, Ludwig Christian Shaupp, Jeffrey Hobbs, Ronald Campbell. (2011). The role of security and trust in the adoption of online tax filing. *Emerald*, 303-318

[5] Mike Wade, Scott Schneberger. (2005, September 30). Retrieved from The Theories Used in IS Research : http://www.istheory.yorku.ca/УТАУТ.htm

[6] Oye N. D., A.Iahad N., Ab.Rahim N. (2012). Acceptance and Usage of ICT by University Academicians Using УТАУТ Model: A Case Study of University of Port Harcourt, Nigeria. *Journal of Emerging Trends in Computing and Information Sciences*, 81-89.

[7] N.D. Oye, N. A. Iahad, Zairah Ab. Rabin. (2011). A Model of ICT Acceptance and Use for Teachers in Higher Education Institutions. *International Journal of Computer Science & Communication Networks*, 22-40.

[8] Ton A.M.Spil, Roel W.Schuring. (2006). *E-Health Systems: Diffusion and use: The inovation, the user and the use IT model.* Hershey, London, Melbourne, Singapore: Idea Group.

[9] Venkatesh, V. (n.d.). *Walton college of business*. Retrieved from Theoretical Models: http://www.vvenkatesh.com/organizations/Theoretical_Models.asp#УТАУТ

[10] Viswanath Venkatesh, James Y. L. Thong, Xin Xu. (2012). CONSUMER ACCEPTANCE AND USE OF INFORMATION TECHNOLOGY: EXTENDING THE UNIFIED THEORY OF ACCEPTANCE AND USE OF TECHNOLOGY. *MIS Quarterly*, 157-178.

[11] Viswanath Venkatesh, James Y. L. Thong, Frank K. Y. Chan, Paul Jen-Hwa Hu, Susan A. Brown. (2011). Extending the two-stage information systems continuance model: incorporating УТАУТ predictors and the role of context. *Information Systems Journal*, 527–555.

[12] Viswanath Venkatesh, Susan A. Brown, Likoebe M. Maruping, Hillol Bala. (2008). PREDICTING DIFFERENT CONCEPTUALIZATIONS OF SYSTEM USE: THE COMPETING ROLES OF BEHAVIORAL INTENTION, FACILITATING CONDITIONS, AND BEHAVIORAL EXPECTATION. *MIS Quarterly*, 483-502.

[13] Viswanath Venkatesh, Michael G. Morris, Gordon B. Davis, Fred D. Davis. (2003). USER ACCEPTANCE OF INFORMATION TECHNOLOGY: TOWARD A UNIFIED VIEW. *MIS Quarterly*, 425-478.

[14] Yu-LungWu, Yu-Hui Tao, Pei-Chi Yang. (2008). The use of unified theory of acceptance and use of technology to confer. *Journal of Statistics & Management Systems*, 919–949.